# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 148. седница, одржана на 9.5.2017 година, донесе Одлука бр. 1102-120/3 од 10.5.2017 година, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област *деловно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– проф. д-р Горан Коевски, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
– проф. д-р Александар Климовски, вонреден професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
– проф. д-р Војо Беловски, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за изборот на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 29.4.2017 година и во предвидениот рок се пријави д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ.

По прегледувањето на доставената документација од кандидатката, како членови на Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ** е родена на 20.12.1982 година во Гевгелија. Основно образование завршува во основното училиште „Петар Мусев“ – Богданци. Средно образование завршува во Средното општинско училиште Богданци во Богданци. Во јуни 2001 година, кандидатката се запишува како редовен студент на Правниот факултет„Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2006 година кандидатката Борка Тушевска-Гавриловиќ дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 9,70.

Во 2006 година кандидатката се запишува на постдипломските студии на Правниот факултет, во областа деловно право. Во дДекември 2008 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката ја брани својата магистерска теза под наслов „Понудата и нејзината обврзност во меѓународниот промет на стоки“ и се стекнува со звање ***магистер на правни науки од областа на деловното право***. Веднаш по магистрирањето, кандидатката пријавува докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде што во ноември 2011 година докторира на тема „Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет на стоки“ и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Во 2006 година, по дипломирањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката го започнува своето работно искуство и склучува договор за практиканство во адвокатската канцеларија „Златко Кочовски“ во Скопје и со статус на приправник практицира една година во адвокатското друштво. На крај на 2006 година, кандидатката се вработува во АД Македонска банка во Скопје, како соработник во правната служба на банката. Во 2007 година почнува наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатката, како помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:**

***Кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ има доставено:***

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на правни науки - *научна област деловно право*);
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународни научни списанија/ Меѓународни научни публикации | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Tushevska Borka | The perspective of Rotterdam Rules in International Trade of goods | International magazine for social science "Vizione" 22/2014 | од 2004 |
| 2. | Tushevska Borka | The Non – Discrimination Principle Through The Concept Of Establishment Of Companies In European Union | SEEU Review The Journal of South East European University, Volume 11, Issue 1/2015 | од 2007 |
| 3. | Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., | Општите услови на работење и нечесните договорни одредби кај договорот за осигурување | Европско право, Германска фондација за меѓународна правна соработка 2 (2) 2013 | од 2013 |
| 4. | Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., | Предизвици при изработка на општите и посебните услови кај договорите за осигурување | Европско право, Германска фондација за меѓународна правна соработка 22/2014 | од 2013 |
| 5. | Тушевска Б., Кошевалиска О., | Правната заштита на јавните набавки низ призмата на кривичното, граѓанското и управното право | International magazine for social science "Vizione" 23/2015 | од 2004 |
| 6. | Tushevska B., Koshevaliska O., Ivanova E., | European versus Macedonian principles of public procurement contracts | International magazine for social science "Vizione" 26/2016 | од 2004 |
| 7. | Gavrilovic, Nenad and Tusevska, Borka | Koncept raskida ugovora zbog (materijalnih) nedostataka ispunjenja. | Anali Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici, 2013 | од 2003 |
| 8. | Tushevska B., Misheva K., Koshevaliska O., | Contemporary trends and Prospects of practical training for students in Public and Private sector in the Republic of Macedonia | European Journal of Business and Social Sciences, 5 (8),2016 | од 2008 |
| 9. | Veigel, Charles and Koshevaliska, Olga and Tushevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana | The 'Gazi Baba' Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrants caught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law. | The International Journal of Human Rights, 20/2016 | од 1997 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Tushevska B., Misheva K., Koshevaliska O., | The personnel capacities andthe need of small and medium trade companies seen through the traineeship in Republic of Macedonia | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). ISSN 2307-4531/2015 | од 2009 |
| 11. | Misheva K., Tushevska B., Koshevaliska O., | Student practical training as part of Law Faculties through the prism of the private and public sector in Republic of Macedonia. | PONTE International Scientific Researchers Journal, 72 (11), 2016 | од 1945 |
| 12. | Тушевска Б., | Нечесни договорни клаузули и нечесна деловна практика во авионскиот превоз на патници | Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет – Штип | 2016 |
| 13. | Коевски Г., Тушевска Б. Спасевски Д., | Осигурување од одговорност на членовите на органите на управување кај Акционерските друштва | Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет – Штип | 2016 |
| 14. | Тушевска Б., | Пробивање на корпоративниот вел на правното лице: Компаративен пристап на концептот на пробивање на велот на правното лице во ЕУ и Македонија | Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет – Штип | 2014 |
| 15. | Tushevska B., | Takeover as an instrument for better corporate governance. | International Conference: Organizational, financial, ethical and legal issues of corporate governance, 12 Apr 2013, Dubrovnik, Croatia. | 2013 |
| 16. | Тушевска Б., | Правниот режим на одговорноста на државата на знамето во меѓународното транспортно право | Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет – Штип | 2015 |
| 18. | Tushevska, B., and Koshevaliska, O., | The enforcement of the decision of prejudicial question | Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции | (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Tushevska B., Misheva K., | Consumer protection in Financial services and the demands of European consumers | In: RegulatoryImplants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region, 20-23 March 2013, Mersin, Turkey. | 2013 |
| 20. | Тушевска Б., | Оправданоста на англосаксонскиот концепт на обврзност на понудата во меѓународната продажба на стока | Годишник на правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 52; | 2015 |
| 21. | Тушевска Б., | Гарантните писма наспрема коносманите во транспортното право и практики | Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип | 2014 |
| 22. | Тушевска Б., | Договор на обем во меѓународниот превоз на стоки според Ротердамските правила | Годишен зборник на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | 2015 |
| 23. | Тушевска Б., МишеваК., Кошевалиска О., | Практичната настава во Република Македонија согледано преку дисциплината и посветеноста на студентите на Правните факултети | Годишен зборник на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип | 2016 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2007 година од страна на Матичната комисија за основање на Државниот Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, кандидатката е избрана во соработничко звање помлад асистент на Правниот факултет во Штип. Во 2010 година кандидатката е избрана за асистент на областа деловно право. По докторирањето, во ноември 2012 г., кандидатката Борка Тушевска-Гавриловиќ е избрана за доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на областа деловно право.

Како доцент на Правниот факултет, во 2013 година со Одлука на Наставно- научниот совет, кандидатката е избрана за продекан за настава на Правниот факултет и за раководител на Катедрата по деловно право. Во 2015 година, кандидатката станува раководител на Центарот за доживотно учење во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во временскиот периодот на избор во звање доцент, кадидатката покрива повеќе предмети од областа на деловното право и тоа: трговско право, стечајно право, конкурентско право, меѓународни трговски договори, европско деловно право. Во рамки на првиот циклус на студии, кандидатката го покрива и предметот Договорно право. Во вториот циклус на студии, кандидатката ги покрива предметите ЕВРОПСКО ДЕЛОВНО ПРАВО, ДОГОВОРИ ВО ПРОМЕТ НА СТОКИ И УСЛУГИ И СТЕЧАЈНО ПРАВО, СТЕЧАЈНО ПРАВО. Во 2013 година кандидатката е избрана за продекан за настава на Правниот факултет при УГД. Кандидатката е рецензент на две научни скрипи. Во периодот од изборот во доцент до денес, кандидатката е ангажирана во повеќе факултетски и универзитетски комисии (член на ННС, деканска управа, раководител на Катедра по деловно право, член на Универзитетска комисија за евалуација) учествува во повеќе стручни и научноистражувачки проекти во рамки на факултетот, и на други институции во рамки на Универзитетот. По покана на Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, кандидатката има одржано четири предавања на мастер студиите по граѓанско и деловно

право. Кандидатката е ментор и член на повеќе дипломски и магистерски трудови како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Во прилог на документацијата за избор, кандидатката доц. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, ги достави следниве трудови:***

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

1. Tushevska, Borka (2014). The perspective of Rotterdam Rules in International Transport. International magazine for Social Science, Visione, 22/2014;
2. Tushevska, Borka (2015). 11(2). The Non - Discrimination Principle through the Concept of Establishment of Companies in European Union. SEEU Review the Journal of South East European University, 2015;
3. Коевски Г. Тушевска Б.,Спасевски Д., (2013). 2 (2). Општите услови на работење и нечесните договорни одредби кај договорот за осигурување. Европско право, 2013;
4. Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., (2014)., Предизвици при изработка на општите и посебните услови кај договорите за осигурување. Европско право, 22/2014;
5. Tushevska, Borka. Miseva, Kristina and Kosevaliska, Olga (2015). 24 (7). The personnel capacities and needs of small and medium trade companies seen through the traineeship in Republic of Macedonia. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 2015;
6. Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena. 2016. European versus Macedonian principles of public procurement contracts., Vizione, 26/2016;
7. Gavrilovic, N., and Tushevska, B., (2013).Koncept raskida ugovora zbog (materijalnih) nedostataka ispunjenja. Anali Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici (6), 2013;
8. Тушевска Б., Кошевалиска О. (2015). Правната заштита на јавните набавки низ призмата на кривичното, граѓанското и управното право, 23 (1). International magazine for social sciences "Vizione "Skopje, 2015;
9. Tushevska, B., Misheva, K., and Koshevaliska, O., 5 (8). (2016). Contemporary Trends and Prospects of Practical Training for Students in the private and public sector in the Republic of Macedonia. European Journal of Business and Social Sciences, 2016;
10. Misheva, K., Tushevska, B., Koshevaliska, O., 72 (11). (2016). Student Practical Training as part of Law Faculties through the Prism of the private and public sector in Republic of Macedonia. PONTE International Scientific Researchers Journal, 2016;
11. Veigel, Charles and Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana. 20. (2016). The 'Gazi Baba' Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrants caught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law.Thnne International Journal of Human Rights, 2016.

***Меѓународни научни публикации: научни трудови презентирани на меѓународни академски собири***

1. Tushevska, Borka (2014). The Piercing of the corporate veil doctrine: A comparative approach of the piercing of the corporate veil in European Union and Macedonia. In: Општествените промени во глобалниот свет Прва меѓународна научна конференција, 11-13 Sept 2014, Stip, Macedonia;
2. Тушевска Б., Нечесни договорни клаузули и нечесна деловна практика во авионскиот превоз. Општествените промени во глобалниот свет, Трета меѓународна конференција во Штип, 2016;
3. Коевски Г., Тушевска Б., Кошевалиска О., (2016). Осигурување од одговорност на членовите на органите на управување кај АД. Општествени промени во глобалниот свет. I. International scientific conference, 2016;
4. Tushevska, B., and Koshevaliska, O., (2015) The enforcement of the decision of prejudicial question. Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 година);
5. Tushevska, Borka. (2013) Takeover as an instrument for better corporate governance. In: Organizational, financial, ethical and legal issues of corporate governance, 12 Apr 2013, Dubrovnik, Croatia, 2013;

6. Tushevska, B., and Misheva, K., Consumer protection in financial services and the demands of European consumers. In: Regulatory Implants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region, 20-23 March 2013, Mersin, Turkey, 2013;
7. Тушевска Б., (2015).Правниот режим на одговорноста на државата на знамето во меѓународното транспортно право. In: Општествените промени во глобалниот свет Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, 2015.

***Меѓународни научни публикации: научни трудови во меѓународни годишници:***

1. Тушевска Б., 52. (2015). Оправданоста на англосаксонскиот концепт на обврзност на понудата во меѓународната продажба на стока. Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2015;
2. Тушевска Б., 4 (4). (2014) Гарантните писма наспрема коносманите во транспортното право и практики. Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип 2014;
3. Тушевска Б., Договор на обем во меѓународниот превоз на стоки според Ротердамските правила. 4 (5). Годишен зборник на Правен факултет, 2015;
4. Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О., Практичната настава во Република Македонија согледано преку дисциплината и посветеноста на студентите на Правните факултети. Годишен зборник, Правен факултет, 2016;

Во прилог на документацијата, а согласно со **Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**, кандидатката достави скрипта и практикум по предметите Трговско право и Договорно право.

***Учебни помагала:***

1. Тушевска Б., Скрипта по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2016 година;
2. Тушевска Б., Практикум по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2016 година;
3. Тушевска Б., Скрипта по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2017 година;
4. Тушевска Б., Практикум по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2017 година.

***Научни трудови кои се објавени во публикации од конференции што не се организирани најмалку петпати во временскиот период на избор во доцент и не се во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и научни трудови објавени во научни списанија што не се меѓународни во смисла на ЗВО.***

1. Tushevska, Borka (2014). 1 (2). Basic capital: Comparative aspects in European Union and Macedonia law. Втора меѓународна научна конференција Зборник на трудови „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, 2014;
2. Tushevska, Borka (2013). Transfer of rights incorporated into a bill of lading as a type of commodity security. Balkan Social Science Review, 1 (1); Faculty of Law, University Goce Delchev - Shtip, 2013;
3. Kosevaliska, O., Tushevska, B., (2016). Crimes of Criminal Insolvency in Macedonian Legislation. Balkan Social Science Review, 7; Faculty of Law, University Goce Delchev - Shtip, 2016;
4. Tushevska, Borka (2014). Civil law versus common law concept of Freight forwarders. Balkan Social Science Review; Faculty of Law, University Goce Delchev – Shtip, 2014;
5. Gavrilovic, Nenad and Tusevska, Borka (December, 2012) Liability for material defects. Forum for civil law, Centar for South East European law School (SEELS, December 2012);
6. Gavrilovic, Nenad and Zdraveva, Neda and Tusevska, Borka.Remedies for non performance in sales contracts - damage and interest. Civil law forum, Centar for South East European law School (SEELS, December 2012);

7. Тушевска Б., (2015). Прекуграничното спојување на трговските друштва. In: Охридска правна школа: Новите предизвици во уредувањето на правните односи во духот на европските вредности, Охрид, Република Македонија, 2015;
8. Koshevaliska, O., Tushevska, B., and Nikodinovska Krstevska, Ana. (2015) Migration crisis: Macedonia on crossroads. In: International Conference on Migrations at sea: international law perspectives and regional approaches, 06 Oct 2015, Ohrid, Macedonia, 2015;
9. Tushevska, Borka (2014). 1 (2). Advantages and disadvantages of Seadocs and Bolero systems in electronic transfer bill of lading. Втора меѓународна научна конференција Зборник на трудови „Влијанието на научно-технолошкиотразвиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", 2014;
10. Tushevska Borka., The liability of Freight forwarder according to Macedonian and International Law, Iustinianus Primus Law Review, 4 (10). 2014.

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија:***
1. Тушевска Б., (2013). (249). Правната судбина на долготрајните облигации после отворањето на стечајната постапка.Стручно списание, Правник, 2013;
2. Тушевска Б.,(2014). (252).,Специфики на правните односи кај институтот асигнација. Стручно списание Правник,2014;
3. Тушевска Б., (2014).(262)., За потребата од ревидирање на Инкотермс правилата. Стручно списание: Правник, 2014;
4. Тушевска Б.,(2013). (254).,Примена на меничните правила врз товарните листови. Стручно списание Правник, 2013;
5. Тушевска Б., Спецификите на банкарската гаранција како инструмент за обезбедување на побарување, Правоматика, (2)., Скопје, 2017 година;

Во временскиот период на избор во наставно-научното звање доцент, кандидатката е коавтор на дел од книга насловена како In: Migration at sea, International Legal Perspectives and Regional Approaches, во коавторство на: Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2016), објавена од странскатаиздавачкакуќа Giannini Editore, Naples, Italy.

Кандидатката е и едитор на книгата Migration at sea: International Legal Perspectives and Regional Approaches., Nikodinovska Krstevska, Ana and Tushevska, Borka (2016). Giannini EDITORE, NAPLES, ITALY.

***Дел од книга:***

1. Koshevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2016), Migration crisis: Macedonia at crossroads. In: Migration at sea. International Legal Perspectives and Regional Approaches, Giannini Editore, Naples, Italy, 2016;

***Докторска дисертација и магистерски труд:***
1. Тушевска Б. Шпедицијата во домашниот и меѓународен промет на стоки, докторска дисертација, Јустинијан Први, УКИМ, Скопје, 2011 година;
2. Магистерскатеза: Понудата и нејзината обврзност во меѓународниот промет на стоки и услуги, Јустинијан Први, УКИМ, Скопје, 2008 година.

Во периодот на избор во доцент, кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ учествува во два научноистражувачки проекти.

***Меѓународни и домашни научноистражувачки проекти***

Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Sotiroski, Ljupco (2012-2016) NETwork of experts on the legal aspects of MARitimeSAFEty and security - MARSAFENET;

Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Belovski, Vojo and Nanev, Lazar and Miseva, Kristina and Davkova, Lidija (2015-2018)., Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источниот регион базиран на знаења.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

Tushevska, Borka (2014). The perspective of Rotterdam Rules in International Transport. International magazine for Social Science, Visione.

Трудот насловен како “The perspective of Rotterdam Rules in International Transport of goods” претставува научноистражувачко дело со фокус на меѓународниот правен режим на мултимодалниот превоз на стока. Целта на трудот е да се анализираат и елаборираат перспективите на Ротердамските правила во поморскиот, односно мултимодалниот превоз и интегралниот превоз на стока. Со оглед на фактот што Ротердамските правила беа донесени како нужност на потребите на меѓународниот мулимодален превоз на стока, авторот во трудот се обидува да укаже на предностите на Ротердамските правила, нивната улога и значење во меѓународниот превоз на стока, електронските товарници, понудата на цел пакет на логистички услуги, контрола на стока, товарање и истоварање на стоката, земајќи ги предвид современите тенденции во сферата на превозот на стока. Со доминатна употреба на компаративниот метод на анализа, во трудот се елаборираат перспективите на овој меѓународен сет на правни правила, истакнувајќи ја потребата од нивна што побрза ратификација од државите потписнички.

Tushevska Borka (2015).The Non - Discrimination Principle Through the Concept of Establishment Of Companies In European Union. Во овој труд обработено е прашањето за почитувањето на принципот на антидискриминација во постапките на основање на компаниите во рамки на Европската Унија. Целта на трудот е да се видат праткичните импликации од почитувањето на принципот на антидискриминација, односно слободата на движење на капиталот, ризиците кои што произлегуваат од поместувањето, или основањето на нови деловни потфати, и нивнит одраз врз постојните договори за вработување, склучени долготрајни правни дела, и другите преземени правни работи.

Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., (2013).

Општите услови на работење и нечесните договорни одредби кај договорот за осигурување. Во овој труд предмет на анализа се нечесните договорни клаузули и нечесната деловна политика на полето на осигигурувањето. Проучувањето на ова прашање е поставено од повеќе аспекти и тоа: правниот режим на осигурувањето низ призмата на домашната и меѓународната регулатива, практичните импликации од перспектива на судските спорови и теоретските концепти кои се однесуваат на анализа на критериумите за проценувањето на не/чесното однесување на осигурителните компании на пазарот на услуги. Во трудот се анализирани и правните последици од утврдувањето на ништовноста на договорните клузули кај договорот за осигурување.

Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д.,(22/2014).

Предизвици при изработка на општите и посебните услови кај договорите за осигурување. Предмет на проучување во овој труд претставуваат новите предизвици кои произлегуваат од политиката на осигурителните компании, модерните европски решенија во сферата на осигурувањето и перспективите на постојната законска рамка во Република Македонија. Со употреба на аналитичко-дескриптивниот метод и методот на компаративна анализа, во овој труд се презентирани постојните законски решенија и идните политики на ниво на ЕУ;

Tushevska, B., Misheva, K., and Kosevaliska, O., (2015).The personnel capacities and needs of small and medium trade companies seen through the traineeship in Republic of Macedonia. Предмет на анализа на овој труд претставуваат кадровските капацитети на малите и средни носители на деловни потфати, од перспектива на практикантите и волонтерите во Република Македонија. Во трудот се искористени повеќе научноистражувачки методи, во насока на утврдувањето на реалните потреби на малите и средни трговски друштва, во корелација со кадровските политики на високото образование, практикантите и волонтерите во Република Македонија;

Tushevska, B., Koshevaliska, O., and Ivanova, E.,European versus Macedonian principles of public procurement contracts. Предмет на анализа во овој труд претставува македонската и европската димензија на јавните набавки, од перспектива на правниот режим, практиките и стандардите прифатени во Република Македонија *versus* стандардите во Европската Унија. Главниот мотив да се истражува на ова тема е да се видат новитетите на реформскиот

пакет на директивите на ЕУ и да се направи компаративна анализа со македонските решенија, како би се согледала состојбата во поглед на имплементација на ЕУ решенијата и прифаќање на стандардите и практиките на ЕУ на полето на доделувањето на договорите за јавни набавки.

Gavrilović, N., Tushevska, Borka (2013)., Koncept raskida ugovora zbog (materijalnih) nedostataka ispunjenja. Предмет на проучување во овој труд претставува концептот на раскинување на договорите, во случаите кога постојат материјални недостатоци на исполнувањето. Прашањата се анализирани од повеќе аспекти, вклучувајќи ги прифатените теоретски становишта, судската практика и правниот режим применлив во однос на ова прашање.

Тушевска Б., Кошевалиска О., (2015)., Правната заштита на јавните набавки низ призмата на кривичното граѓанското и управното право. Фокусот на истражувањето во овој труд е на правната заштита на јавните набавки, и тоа од призма на кривичното, граѓанското и управното право. Целта на трудот е да се анализира применливото материјално право во Република Македонија, на полето на доделувањето на договорите за јавни набавки, и да се утврдат предностите и слабостите на постојниот правен режим, проблемите во практиката, не/примената на основните принципи на кои почива доделувањето на договорите за јавни набавки. Посебно внимание во трудот е посветено на компаративната анализа на одредбите од кривичното, управното и граѓанското право.

Tushevska, Borka (2014) The Liability of Freight forwarder according to Macedonian and International law. Предмет на проучување во овој труд претставува концептот на одговорност на шпедитерот, согласно со применливото право во Република Македонија, и меѓународното право што го уредува превозот на стока во меѓународни рамки. Основната цел во трудот е да се укаже на потребата од поместувањето на концептот на правната одговорност на шпедитерите, под влијание на потребите на практиката на работењето на увозно-извозниот сектор. Ова прашање во трудот е анализирани од перспектива на законските решенија во Република Македонија, меѓународните извори на полето на шпедицијата и превозот, и судската и арбитражната практика.

Tushevska, B., and Misheva, K., and Koshevaliska, O., (2016).,Contemporary Trends and Prospects of Practical Training for Students in the private and public sector in the Republic of Macedonia. European Journal of Business and Social Sciences, 5 (8). Во овој труд авторите се фокусираат на прашањето за практичната настава на студентите во приватниот и јавниот сектор, потребата од правна интервенција на ова поле, состојбата од перспектива на студентите, бизнис секторот, јавниот сектор каде што студентите ја реализираат практичната настава. Целта на трудот е да се утврдат факторите на влијание на практичната настава во Република Македонија и да се укаже на потребата од создавање на конструктивна заедничка политика на дејствување на сите стејкхолдери на кои се однесува ова прашање. Во овој труд изречно се укажува и на битноста на „општествената корпоративна одговорност" на компаниите, во функција на подобрувањето на состојбата на полето на практичната настава на студентите од правните факултети во Република Македонија;

Veigel, Charles and Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2016) The 'Gazi Baba' Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrantscaught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law.Thnne International Journal of Human Rights, 20. Во овој труд фокусот на истражувањето е на состојбата на мигрантите во Република Македонија, анализирана низ призмата на постојната законска рамка што повеќе или помалку кореспондира со европскиот правен режим, политиките и практиките на ЕУ во однос на мигрантите и бегалците. Практичната димензија на истражувањето е на состојбата на мигрантите во прифатниот центар во Гази Баба во Република Македонија.

Misheva, K., Tushevska, B., Koshevaliska, (2016). Student Practical Training as part of Law Faculties through the Prism of the private and public sector in Republic of Macedonia. Предмет на анализа во овој труд претставува практичната настава на студентите од правните факултети во Република Македонија. Главниот предмет на анализа е на правниот режим и практичните аспекти на ова проблематика во Република Македонија. Фокусот е на практичната настава на студентите од правните факултет, а целта е да се согледаат

предностите и слабостите на применливото правило, воспоставената практика од страна на универзитетите, приватниот и јавниот сектор. Целта на истражувањето е преку преземањето на соодветни мерки да се интервенира за подобрување на овој сегмент од високоборазовниот процес на прв циклус на студии на студентите од правните факултети во Република Македонија;

Тушевска Б., (2015). Оправданоста на англосаксонскиот концепт на обврзност на понудата во меѓународната продажба на стока. Во овој труд се анализира оправданоста на концептот на понуда и нејзината обврзност, според анголосаксонскиот концепт. Во трудот се прави паралела на понудата и нејзината обврзност според континенталните и англосаксонските решенија. Целта на трудот е да се укаже на фактот дека и покрај бројните специфики и навидувам максимално либерални решенија на земјите од common law системите, необврзувачкиот карактер на понудата во смисла на англосаксонското право, има целосна оправданост во деловната практика. Како дополнување на ова, авторот се повикува и на решенијата од Виенската конвенција за меѓународна продажба на стока од 1980 година;

Тушевска Б., (2014). Гарантните писма наспрема коносманите во транспортното право и практики. Во овој труд се прави разграничување на коносманите како транспорните документи, од гарантните писма како инструменти за обезбедување на истоварањето и товарањето на стока што има одредени недостатоци. Фокусот на истражувањето во овој труд е да се укаже на улогата и значењето на гарантните писма и да се истакне дека нивната примена нема негативни импликации врз улогата и значењето на коносманите како сопственички транспортни документи;

Тушевска Б., Договор на обем во меѓународниот превоз на стоки според Ротердамските правила. Предмет на анализа во овој труд претставува концептот на „договор на обем" или познат како "volume contract" како посебен концепт на договор прифатен во најсовремените правни правила кои го уредуваат меѓународниот промет на стока (Ротердамските правила). Фокусот на истражувањето во овој труд е да се укаже на предностите и слабостите на овој вид на договори. Во трудот доминираат и практичните аспекти на ова проблематика, согледувани од перспектива на меѓународни судски спорови;

Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О., Практичната настава во Република Македонија согледана преку дисциплината и посветеноста на студентите од Правните факултети во Република Македонија. Целта на овој труд е да се согледа практичната димензија на концептот на практичната настава што се спроведува на правните факултети во Република Македонија, од перспектива на степенот на сериозност и дисциплина на студентите. Во насока на остварувањето на целта е спроведено истражување врз приватниот и јавниот сектор во Република Македонија, каде што студентите во најголем дел реализираат практична настава за време на прввиот циклус на студии;

Tushevska, Borka (2014). The Piercing of the corporate veil doctrine: A comparative approach of the piercing of the corporate veil in European Union and Macedonia. Целта на трудот е да се анализира и елаборира концептот на пробивање на велот на правното лице на компаниите и утврдувањето на одговорноста на члeновите на органите на управување, кои директно се одговорни за штетата предизвикана врз друштвото, акционерите, доверителите и другите субјекти кои имаат правен интерес. Теоријата на пробивањето на велот (ѕидот) на правното лице е предмет на анализа од перспектива на националната легислатива, европските решенија и правниот режим на одделни компаративни правни системи. Во трудот особено се нагласува потребата од правилна примена на принципите на корпоративното управување и примена на соодветното материјално право. Бројни и хетерогени дилеми и проблеми кои произлегуваат од примената на овој концепт се предмет на анализа во трудот;

Тушевска Б., Нечесни договорни клаузули и нечесна деловна практика во авионскиот превоз. Предмет на проучување во овој труд претставува нечесната деловна практика на авионските компании, низ призмата на договорните клаузули во Б2Ц договорите. Истражувањето во трудот има за цел да ги презентира нечесните клаузули во авионскиот превоз на патници, со фокус на договорните клаузули содржани во општите одредби на ниско буџетските компании;

Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., Осигурување од одговорност на членовите на органите на управување кај АД. Предмет на анализа во овој труд претставува концептот на корпоративното осигурување, со фокус на осигурителните компании во Република Македонија. Во рамки на трудот се анализирани договорните клаузули од осигурителните полиси и политиката на коорпоративното осигурување на членовите на одборот на управните и надзорните органи. Во теоретска смисла, во трудот е направена анализа и на општиот концепт на одговорност на директорите/менаџерите, правниот стандард на утврдување на нивната одговорност во смисла на статусните закони и предметот на покритие по основа на купена осигурителна полиса. Со помош на повеќе методи на анализа, во трудот е направено и статустичко истражување на полето на корпоративното осигурување, со цел да се анализа пазарот на корпоративни полиси во Република Македонија, вредноста на премиите за овој вид на полиса, условите под кои се склучуваат договорите за осигурување од одговорност на членовите на управните органи во капиталните друштва итн.;

Tushevska, B., Koshevaliska, O., (2015).The enforcement of the decision of prejudicial question. Во овој труд се анализа концептот на правосилност на одлуките по претходни прашања во граѓанските и кривичните постапки. Главната идеја во истражувањето е да се укаже на врзаноста на граѓанскиот суд со одлуките донесени во кривичните постапки и влијанието на одлуките донесени во граѓанска постапка, во случај кога како прејудициелно прашање се поставува дилема од кривино правен карактер;

Tushevska, Borka (2013).Transfer of rights incorporated into a bill of lading as a type of commoditysecurity. Во овој труд се анализира правниот режим на пренос на правата содржани во коносманот, како сопственички документ што има својство на хартија од вредност. Во трудот првенствено се анализираат карактеристиките на коносаманот како посебен транспортен документ и неговите одлики во однос на останатите транспортни документи. Водејќи се од широко прифатените специфки на коносманот како хартија од вредност, во трудот се истакнува правниот режим по кој се врши преносот на правата содржани во него и се разграничуваат видовите на пренос условени од видот на коносманот и тоа: „*коносман по наредба*“ и „*коносман на доносител*“;

Koshevaliska, Olga and Tusevska, Borka (2016) Crimes of Criminal Insolvency in Macedonian Legislation. Предмет на истражување во трудот претставуваат кривичните дела во стечајната постапка. Во трудот се обработува концептот на стечај како материјално правно прашање и како процесно прашање. Фокусот на истражувањето е на утврдувањата, анализата и елаборирањето на битијата на кривичните дела во стечајната постапка;

Tushevska, Borka (2014) Civil law versus common law concept of Freight forwarders. Во трудот се анализираат концептот на шпедиција според англосаксонскиот модел и според континенталниот модел на организирање и функционирање на шпедитерите. Фокусот на истражувањето е на предностите и слабостите на двата модела на шпедиција, истакнувањето на едните во однос на другите и укажувањето на потребата од дополнителна интервенција во поглед на одредени аспекти на материјата. Во трудот се обработуваат правните односи на шпедитерот со третите лица и односите на налогодавачот со шпедитерите. Особено внимание во трудот се посветува на анализата на правните дејствија на шпедитерот преземени од туѓо име и туѓа сметка и свое име и туѓа сметка;

Gavrilovic, Nenad and Tusevska, Borka (December, 2012) Liability for material defects. Трудот насловен како одговорност за материјалните недостатоци на предметите го анализира правниот режим на одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци. Во трудот особено внимание се посветува на компаративната анализа на решенијата содржани во ЗОО и Виенската конвенција за меѓународна продажба на стока од 1980 година. Преку анализата на ЗОО и конвенцијата, во трудот се анализирани сличностите и различностите на двата правни режима, укажувајќи на идентичноста на решенијата на ЗОО и Виенската конвенција;

Gavrilovic, Nenad and Zdraveva, Neda and Tusevska, Borka (December, 2012) Remedies for non performance in sales contracts - damage and interest. Во трудот се анализирани правните инструменти што им стојат на располагање на договорните страни, во случај кога еден од содоговарачите не ја исполнил, неправилно ја исполнил или задоцнил во исполнувањето на обврската. Анализата на овие прашање е спроведена од перспектива како на домашните така и на меѓународните решенија;

Zdraveva, Neda and Gavrilovic, Nenad and Tushevska, Borka (December, 2012) Unfair Contract terms in the Contract law of the Republic of Macedonia. Во трудот се анализирани нечесните договорни клаузули во Б2Ц и Ц2Ц договорите. Ова прашање е предмет на анализа од перспектива на домашната и меѓународната легислатива. Во трудот особено внимание се посветува на правните последици од нефер условите на договарање, повикувањето на ништовноста и надлежноста на органите во случај на постоење на нечесни договорни клаузули и нечесна деловна политика на деловните субјекти;

Тушевска Б., (2015). Прекуграничното спојување на трговските друштва. Во трудот се обработува концептот на прекуграничното спојување на трговските друштва, од перспектива на македонската и меѓународната легислатива. Фокусот е ставен на меѓународните извори на право што го уредуваат ова прашање, особено правните последици кои се рефлектираат врз статусот на вработените, постојните краткотрајни и долготрајни облигации, договорните односи кои постојат или се во процес на преговарање итн. Целта на трудот е да се елабориираат целта, условите и правните импликации од спојувањето како статусна промена, со акцент на прекуграничното спојување;

Tushevska, Borka (2014). Basic capital: Comparative aspects in European Union and Macedonia law. Во овој труд се проучува концептот на основната главнина во домашното, компаративното и меѓународното право. Главната идеја на трудот е да се анализира формирањето на основната главнина, нејзината улога во основањето и работењето на деловните субјекти и нејзината функција. Во трудот се анализирани условите за основање на трговските друштва во компаративните правни системи, од аспект на основната главнина (вредноста, формата, средствата што може да се внесат во основната главнина итн). Целта на овој труд е да се отстрани теоретската заблуда дека основната главнина претставува гаранција за доверителите на друштвото. Вредностите на основната главнина според решенијата на одделените компаративни правни системи не е доволна за да го гарантира обезбедувањето на побарувањето на доверителите. Конечно, во трудот е акцентирано дека гаранцијата за доверителите треба да се обезбедени преку други подобрни инструменти;

Tushevska, Borka and Misheva, Kristina., Consumer protection in financial services and the demands of European consumers. Во трудот се анализираат правните средства што им стојат на располагање на потроушувачките, во случај на повреда на нивните права во Б2Ц договорните односи. Фокусот на трудот е на заштитата на потрошуачите, анализа на деловната политика на финансискиот сектор, општите и посебните услови на кредитирање на потрошувачите и утврдувањето на не/чесната деловна политика на финансискиот сектор;

Koshevaliska, O., Tushevska, B., and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015). Migration crisis: Macedonia on crossroads.International law perspectives and regional approaches. Предмет на истражувањето во трудот е мигрантската криза, со фокус на состојбата на мигрантите во Република Македонија, како крстосница за мигрантите во патот на остварувањето на нивната цел. Во трудот се обработени повеќе аспекти на ова проблематика, неисклучувајќи ги и економските (превенствено политики), социолошките, политичките итн.;

Tushevska, Borka (2014).Advantages and disadvantages of Seadocs and Bolero systems in electronic transfer bill of lading. Трудот се однесува на оправданоста на електронската товарница како сопственички документ, со својство на хартија од вредност. Во трудот се анализираат посебните видови на електронска товарница во меѓународниот превоз на стока и се укажува на предностите и слабостите на секој од овој модел на електронско пренесување на товарницата. Покрај анализата на предностите и слабостите на поединечните модели на пренесување на товарницата, во трудот се акцентира нецелосното прифаќање на е-товарницата од страна на бизнис секторот, а истовремено од страна на авторот се зазема становиштете дека според авторот исполнети се сите услови за целосна имплементација на е-товарницата во прометот на стоки и дека опасноста од нејзината употреба не е поголема од употребата на товарницата во хартиена форма;

Тушевска Б., (2013). Правната судбина на долготрајните облигации по отворањето на стечајната постапка. Во трудот се анализирани правните последици од отворањето на стечајната постапка во Република Македонија, од перспектива на законската рамка и практиката. Фокусот на истражувањето во трудот е на проучувањето на правната судбина

на долготрајнтие облигации во случај на отворање на стечајна постапка и тоа: правните последици врз договорите за закуп, франшизинг, лиценца, лизинг, факторинг, форфертинг итн. Главната идеја на истражувањето е да се истакнат спецификите на правните импликации од стечајот врз повеќето од овие посебни видови на долготрајни облигации;

Тушевска Б., (2013). Специфики на правните односи кај институти асигнација. Предмет на проучување во овој труд претставува асигнацијата (упатувањето) и тоа преку анализа на нејзината правна природа, целта и функцијата во прометот на стоки и услуги. Во трудот особено внимание се посветува на правните односи помеѓу примачот на упатувањето и упатеникот, пренесувањето на упатувањето, и концептот на застареност на правото на примачот на упатувањето да бара исполнување од упатеникот. Во трудот се анализирани и односите помеѓу примачот на упатувањето и упатувачот, и односот помеѓу упатувачот и упатеникот. Анализирањето на правната природа на упатувањето, и утврдувањето на правните односи помеѓу упатеникот и упатувачот се предмет на анализа од перспектива на постојните решенија во Македонското право;

Тушевска Б., (2014). За потребата од ревидирање на Инкотермс правилата. Во трудот се анализираат ИНКОТЕРСМ правилата со фокус на прашањата за нивното значење, улога и влијание во меѓународниот промет на стоки. Во трудот се елаборира генезата на настанувањето на ИНКОТЕРМС правилата и нивната ревизија, а главната цел и фокусот на истражувањето е на укажувањето на потребата од ревидирање на последната верзија од 2010 година, како и нејзиниот придонес кон подобрување на состојбата во однос на претходната верзија на ИНКОТЕРМС правилата;

Тушевска Б., (2013). Примената на меничните правила врз товарните листови. Во овој труд се пристапува кон анализа на оправданоста и функционалнсота на примената на правниот режим на меничните правила, врз пренесувањето на товарните листови, односно преност на товарицата. Целта на овој труд е да се укаже на спецификите на примената на овој правен режим, особено како трасираните меница, како резултатот на фактот што трасантот и трасатот се различни лица. Во трудот се укажува единствената можност за примена на меничните правила кај сопственичката меница, каде трасантот и трасатот се едно лице, а преку илустративно прикажување на правните односи помеѓу превозникот, налогодавачот и третото лице, купувачот, односно со јазикот на меничното право ремитентот;

Тушевска Б., Спецификите на банкарската гаранција како инструмент за обезбедување на побарување. Во овој труд предмет на истражување претставуваат карактеристиките на банкарската гаранција, како личен инструмент за обезбедување на побарување. Во трудот е направено разграничување на банкарската гаранција од другите лични и стварно правни инструменти за обезбедување на побарување. Во анализата на овој инструмент, покрај теоретските аспекти, земени се предвид и практичните аспекти на проблематиката, со акцент на деловната политика и практика на банкарскиот сектор, во фазите на склучувањето на договорите за банкарска гаранција. Во трудот особено внимание е посветено на анализата на правните односи на банката гарант спрема налогодавачот како комитент и корисникот на гаранцијата како доверителот спрема должникот/комитентот;

Тушевска, Б., Правниот режим на одговорноста на државата на знамето во меѓународното транспортно право. Предмет на проучување во трудот претставува примената на правниот режим на државата на знамето и утврдувањето на одговорноста за настанатата штета, зависно од тоа дали се применува правото на државата на знамето, државата во којашто е регистирано превозното средство, или државата каде што е сторен деликтот;

Tushevska, Borka., (2013).Takeover as an instrument for better corporate governance. Во трудот се анализира прашањето за преземањето на трговските друштва како мерка за подобро корпоративно управување во капиталните друштва. Фокусот на вниманието во трудот е на влијанието на преземањето (*непријателското преземање*) на капиталните трговски друштва врз работата на менаџментот. Во трудот се истакнува дека преземањето во голема мерка влијае врз работата на менаџментот, а со тоа и на подоброто управување на деловните потфати на друштвото;

*Докторска дисертација -* Шпедицијата во домашниот и меѓународен промет на стоки. Предмет на анализа во докторската дисертација е концептот на шпедицијата според македонското и меѓународното право. Фокусот на истражувањето е на повеќето аспекти на шпедитерското работење, а особено одговорноста на шпедитерите за работата дадена од налогодавачите во прометот на стоки. Главната цел на истражувањето е да се укаже на потребата од поместување на концептот на шпедитерска одговорност и нејзиното изедначување со превозничката одговорност. Во трудот се анализирани сите фактори на влијание на поместувањето на концептот на одговорност на шпедитерите, особено влијанието на потребите на практиката, феноменот на глобализацијата, либеарализацијата на пазарот и појавата на логистичките оператори како даватели на логистички услуги во меѓународниот промет на стока;

Тушевска Б., Скрипта по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2016 година. Скриптата содржи материјал што го опфаќа посебиот дел од облигационото право, со фокус на граѓанските и потрошувачките договори. Структурата на скриптата е согласно со важечкиот правен режим во Република Македонија, а оддредени прашање се обработени и преку судската практика во Република Македонија;

Тушевска Б., Практикум по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2016 година. Практикумот е надополнување на материјата обработена во скриптата по договорно право. Во практикумот се содржани договори, прашања, задачи и вежби од областа на договорното право;

Тушевска Б., Скрипта по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2017 година. Скриптата го обработува материјалот предвиден во наставната програма по Трговско право. Во скриптата се содржани прашања од статусниот и договорниот дел на трговското право;

Тушевска Б., Практикум по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2017 година. Практикумот содржи вежби, обрасци и задачи кои се во функција на совладување на теоретски наставни единици содржани во наставниот план и програма концентирана во скриптата по трговско право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатката

д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативана и организациска работа и врз основа на севкупната нејзина активност од изборот во доцент до денес заклучи дека д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ ги исполнува условите за избор во вонреден професор во областа деловно право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатката д-р Борка Тушевска Гавриловиќ има по основа на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организација работа, остварено (НО30 +НИ187+САОР31 = 248) или вкупно 248 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ да биде избрана во **звањето вонреден професор во научната област деловно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Горан Коевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Александар Климовски, с.р.**
**Проф. д-р Војо Беловски, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Дел од монографија или научна книга | | | 1 | 10 | **10** |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор) - 10x9 = 90<br>(втор автор) - 4x6=24<br>(трет автор) - 1x3=3<br>4x2=8<br>Вкупно: 90+24+3+8=125 | | | | **125** |
| **4.** | Труд со оригиналнинаучни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 9x2=18 | | 3x3=9 | | **27** |
| **5.** | Одржано предавање по покана од научна институција | 3X2=6 | | | | **6** |
| **6.** | Одбранета докторска теза | 1x8=8 | | | | **8** |
| **7.** | Одбранет магистерски труд | 1x4=4 | | | | **4** |
| **8.** | Учесник во научен проект | 1x2=2 | | 1x3=3 | | **5** |
| **9.** | Рецензент на научен труд | 2x1=2 | | | | **2** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **187** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд во стручно (научно-популарно списание) | 5 | 2 | | | **5x2=10** |
| **3.** | Продекан | 1 | 8 | | | **1x8=8** |
| **4.** | Раководител на катедра | 1 | 4 | | | **1x4=4** |
| **5.** | Член на универзитетска комисија (комисија за евалуација на УГД) | 1 | 5 | | | **1x5=5** |
| **6.** | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | **2x2=4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **31** |
| Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | | НО | НИ | САОР | | |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **30** | **187** | **31** | | **248** |